РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Ф: 02-1502/1
25.02.2025

Врз основа на член 67 став (5) од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.248/23)член 11 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16,80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и член 26 од Етичкиот кодекс на Службата на Собранието на Република Северна Македонија број 01-552/1 од 29.01.2025 година, а во врска со Извадокот бр.1 од точката 27 (Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2023 година) содржана во Извадокот од Нацрт - записникот од Триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 10 декември 2024 година, заведен под број 41-6770/3 од 10.12.2024 година, генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање на Етички комитет**

**1.** Се формира Етички комитет за примена на одредбите од Етичкиот кодекс за вработените во Службата на Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Етичкиот комитет), во состав од следните вработени:

- Христина Софронијоска – Собраниски државен советник за законодавство, **координатор;**
- Марија Алексовска – Собраниски државен советник за законодавство**, член;**
- Катерина Ѓорѓеска – Помошник раководител на Сектор за работни тела на Собранието, **член;**
- Анета Ѓуроска – Помошник раководител на Сектор за преведување и толкување, **член**
- Данчо Јаневски – Помошник раководител на Сектор за работни тела на Собранието, **член;**
- Алексанра Кокиновска – Раководител на Одделение за вработување, унапредување и развој на човечки ресурси, **член и**
- Трендалина Синани Таири – Раководител на Одделение за нормативно-правни работи**, член**

**2.** Етичкиот комитет ги спроведува следните активности:

- дава мислење за начинот на примена на одредбите од Етичкиот кодекс на Службата на Собранието на Република Северна Македонија и постапува по доставените пријави од повереникот за етика;
- се состанува најмалку еднаш во годината, како и за секое известување за поднесена пријава;
- соработува со повереникот за етика и му дава насоки за работа;
- ја разгледува поднесената пријава од повереникот за етика, заедно со приложените докази;
- дава одговор на поднесената пријава;
- ги следи меѓународните стандарди од областа на етичкото однесување на вработените и дава предлози за подобрување на етичките стандарди во согласност со меѓународната пракса.
- во зависност од видот и тежината на повредата, Етичкиот комитет може да поднесе иницијатива за поведување на дисциплинска постапка до непосредно претпоставениот раководител на вработениот кој ја извршил повредата;
- врши други активности кои произлегуваат од Етичкиот кодекс на Службата на Собранието на Република Северна Македонија.

3. Етичкиот комитет одлучува со мнозинство гласови преку тајно гласање.

4. За седниците на Етичкиот комитет се води записник.

5. Координаторот на Етичкиот комитет ја потпишува целокупната документација која произлегува од работата на Етичкиот комитет.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Со Заклучокот бр.1 од точката 27 (Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2023 година) содржана во Извадокот од Нацрт - записникот од Триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 10 декември 2024 година, заведен под број 41-6770/3 од 10.12.2024 година, сите буџетски корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (централната) власт и фондовите, се задолжени да донесат сопствен Етички кодекс или да го ажурираат постоечкиот доколку има потреба, во кој меѓудругото, ќе биде утврден начинот на постапување со пријавените случаи на неетичко однесување, ќе назначат повереник за етика и основаат Етички комитет.

Согласно одредбите од член 26 од Етичкиот кодекс на Службата на Собранието на Република Северна Македонија, Етичкиот комитет е независно работно тело кое дава мислење за начинот на примена на одредбите од Етичкиот кодекс и постапува по доставените пријави од повереникот за етика. Етичкиот комитет е составен од координатор и шест члена, кои се од редот на раководните собраниски службеници.

Со одредбите од член 27 од Етичкиот кодекс на Службата на Собранието на Република Северна Македонија, за вработените во Службата на Собранието на Република Северна Македонија се пропишани обврските на Етичкиот комитет.

Вработените коишто се именувани во точката 1 од диспозитивот на ова решение се раководни собраниски службеници.

Имајќи го предвид сето горенаведено, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе приговор до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена, сметано од денот на приемот на истото.

**Генерален секретар,**
**Марина Димовска**

Доставено до:
- Именуваните;
- Сектор за управување со човечки ресурси;
- Архива.

Изработи: Ана Сиљаноска